РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-448/2
25.01.2018 год.
СКОПЈЕ

Друштво за градежништво трговија и услуги
Shoqëri për ndërtimi tregti dhe shërbime
НБ-ЦОМПАНУ ДОО - NB-COMPANY SHPK
Бр. Nr. 02-А/18
30.01.2018 год./viti
Тетово - Tetovë

# АНЕКС 1 НА ДОГОВОРОТ

## за санација/адаптација со замена на дотраени градежни материјали и облоги на блок „В“ и „Г“ од СД „Гоце Делчев“ - Скопје

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**, ул.„Св.Кирил и Методиј“ бр.54, 1000 Скопје, Република Македонија, застапувано од министерот за образование и наука Рената Дескоска (во понатамошниот текст „Нарачувач”) од една страна, и

**Друштво за градежништво, трговија и услуги НБ – ЦОМПАНУ ДОО Тетово**, со седиште на ул. „В.С. Бато“ бр.111 Бенз.Пумпа „ЛУКОИЛ“ Кат 1 - Тетово, застапувано од управителот Бурим Ибиши (во понатамошниот текст „Изведувач”) од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој Анекс 1 на Договорот за санација/адаптација со замена на дотраени градежни материјали и облоги на блок „В“ и „Г“ од СД „Гоце Делчев“ - Скопје е изменување на рокот за времетраење на договорот и рокот за изведба на градежните работи определен во основниот Договорот за санација/адаптација со замена на дотраени градежни материјали и облоги на блок „В“ и „Г“ од СД „Гоце Делчев“ - Скопје, заведен со архивски број 19-901/26 од 30.03.2017 година и архивски број на изведувачот 10-3/17 од 03.04.2017 година.

Овој Анекс 1 на Договор се склучува согласно членовите 6 и 7 од основиот Договор, а со цел да се овозможи понатамошно непречено исполнување на правата и обврските кои произлегуваат од основниот договор.

Изведувачот има доставено барање за продолжување на рокот за времетраење на договорот и рокот за изведба на градежните работи заведено со архивски број В-2/18 од 10.01.2018 година до Надзорниот орган, кој заедно со неговото позитивно мислење по однос на барањето на Изведувачот ги достави до Нарачателот со допис заведен со архивски број 10-448 од 16.01.2018 година.

**Член 2**

Членот 3 од основниот Договор се менува и гласи:

„Времетраење на договорот е 15 (петнаесет) месеци.

Рокот за изведување на градежните работи е 14 (четиринаесет) месеци.

За времетраењето на договорот од став 1 на овој член, продолжено за 30 (триесет) дена, Изведувачот, во рок од пет дена од потпишувањето на овој Анекс 1 на договорот, задолжително доставува банкарска гаранција за квалитетно и навремено

извршување на договорот во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ.

Банкарската гаранција за квалитетно извршување се поднесува во оригинална форма.“

**Член 3**

Останатите одредби од основниот Договор за санација/адаптација со замена на дотраени градежни материјали и облоги на блок „В“ и „Г“ од СД „Гоце Делчев“ - Скопје, остануваат непроменети.

**Член 4**

Овој Анекс 1 на Договорот за за санација/адаптација со замена на дотраени градежни материјали и облоги на блок „В“ и „Г“ од СД „Гоце Делчев“ - Скопје влегува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

**Член 5**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**НАРАЧУВАЧ,**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕР,**
**Рената Дескоска**

**ИЗВЕДУВАЧ,**
**“НБ - ЦОМПАНУ“**
**Тетово**

**УПРАВИТЕЛ,**
**Бурим Ибиши**

Изготвил: Горан Тодороски

Прегледал: Милка Масникоса

Одобрил: Анета Трпевска